ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24) и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 ), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

**О Д Л У К А**
**за избор на административни службеници**
**по Интерен оглас бр.04/2025**

1.По инетерниот оглас 04/2025 објавен на ден 1.12.2025 година, за унапредување на административни службеници во Општина Гевгелија се избираат:
-**Блашко Смилков,** со вкупно освоени бодови **31,35** за работно место под реден број 1 од интерниот оглас, УПР 01 01 В01 000 – **Советник за информатичка технологија**, во Одделението за стручно-административни и општи работи, Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, при Општина Гевгелија, и
-**Дејана Ускова**, со вкупно освоени бодови **29,35** за работно место под реден број 2 од интерниот оглас, УПР 01 01 В01 000 – **Советник за администрирање, утврдување и присилна наплата на комунални такси**, во Одделението за локални даноци и такси, Сектор за финансиски прашања, при Општина Гевгелија.

2.Именуваните ќе бидат унапредени на работните места од став 1 на оваа Одлука, во рок од пет дена по конечноста на Одлуката;

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници бр.04-1577/1 од 25.11.2025 година и Известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на општина Гевгелија, бр.04-1577/3 од 25.11.2025 година, доставени од Градоначалникот на Општина Гевгелија до Одделението за управување со човечки ресурси при Општина Гевгелија, на ден 1.12.2025 година објавен е Интерен оглас број 04/2025, на веб страната на Општина Гевгелија и на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници за две работни места:

1. Советник за информатичка технологија, во Одделението за стручно-административни и општи работи, Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, при Општина Гевгелија,и
2. Советник за администрирање, утврдување и присилна наплата на комунални такси во Одделението за локални даноци и такси, Сектор за финансиски прашања, при Општина Гевгелија.

Комисијата за селекција за унапредување за работните места број 1 и 2, формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија, со Решение број 04-1577/6 од 9.12.2025 година, на ден 17.12.2025 година, во просториите на Општина Гевгелија спроведе адинистративна селекција за работните места број 1 и 2 со Записник број 04-1577/7 и интервју со Записник број 04-1577/8.

Врз основа на бодовите од спроведената административна селекција и спроведеното интервју, од страна на Комисиите за селекција за унапредување на административен службеник, изготвена е финална ранг-листа и предлог-одлука за избор на истите и ги достави на Градоначалникот на општина Гевгелија.

Врз основа на наведеното, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката.

Изработил, Весна Хаџикојчева

Бр.04-1577/11
19.12.2025 година
Гевгелија

градоначалник
на општина Гевгелија,

*Андон Сарамандов*

Доставено до:
-Одделение за управување со човечки ресурси
-Архива
-Административен службеник